22749

Н. М. 23. II. 1976 г.



Никола Иванов: На позиција, масло

БИТОЛА

# УСПЕШНА ИЗЛОЖБА НА ВОЈНИЦИТЕ — СЛИКАРИ

Битола, февруари

Во Уметничката галерија „Моша Пијаде" во Битола во тек е мошне успешната изложба „Војници сликари", што ја организираа Војничкиот клуб на касарната „Стив Наумов" и Домот на ЈНА.

Веднаш да забележиме дека оваа новина е културен настан и уште еден доказ за соработката на Армијата и градот и на ликовното поле. Всушност, покрај ликовната носивост, што се потврдува на доволен број изложени експонати, присутна е и желбата на ликовните уметници-војници да ја прикажат силата и одликата на припадниците на ЈНА и животот и работата во својата братска и другарска средина. Ова е и дел од континуираното творење на уметниците во касарната „Стив Наумов", кои тука имаат одлични услови за работа и уметничко креирање. Така, непресушниот извор на инспирациите од НОВ и Револуцијата и триесетте години на слободно живеење, најдоа одрази и на изложените 27 платна на војниците и старешините од битолскиот гарнизон.

Војникот **Никола Иванов**, импресионира со експонатите „Во длабините на морето" — марцинско-син и зелен колоритен концепт, „Средба" и „На позиција", сите изведени во масло. Војникот **Ненад Јакешевиќ** е најсугестивен, стилски воедначен и колоритно издржан во сликата „Војник", изведена во комбинирана техника, макар што сликата „Премин преку Неретва" не е помалу вредна. Старешината **Фрањо Делишимуновиќ** презенитра охридски теми, меѓу кои позабележлив експонат е „Во тихото пристаниште". **Ненад Чонкиќ** сигурно делува и заслужува признание за експонатот „4519", додека старешината **Милан Милковиќ** е најсуптилен во „Размислување за просторот" и „Војнички одмор". Меѓу позабележливите експонати е и „Партизански курир" на **Еди Таубер**.